**Модул:** Prima MEDICA
**Верзија:** 4.0.0
**Датум:** 22.02.2019

## Задолжителни активности по активација на новите сервиси од страна на Мој Термин

- Секој лекар да пополни специјалност во апликацијата, во прозорот ЛЕКАРИ. Ова е неопходно за да се печати специјалноста на упатите
- **ЗАДОЛЖИТЕЛНА** синхронизација на податоците со МЗ по преземањето на верзијата 4.0.0

## Ограничувања и правила за користење на софтверот кои ќе важат по вклучувањето на новите упати од страна на МЗ:

- Секој лекар ќе мора да се најави со своето корисничко име и лозинка во Мој Термин. Во спротивно системот на Мој Термин не дозволува креирање упатти и рецепти
- Со стапувањето на сила на новите правила од Мој Термин, ќе биде активна контрола при издавање на рецепти дали лекарот е матичен/замена на матичен на соодветниот пациент
- При издавање на РДУ упат задолжително ќе биде избор на РДУ услуга за упатот
- Со воведувањето на измените, **престанува обврската за испраќање на електронски дневник кон МЗ,** односно истиот автоматски ќе се генерира во МЗ на база на испратените прегледи. Соодветно, опцијата за испраќање на дневник ќе стане недостапна
- При креирање на лабораториски упат ЛУ1-а и ЛУ2 повеќе **НЕ ТРЕБА** да се избираат анализите **КРВНА СЛИКА СО ДИФЕРЕНЦИЈАЛНА СЛИКА** и **ДИФЕРЕНЦИЈАЛНА КРВНА СЛИКА**, бидејќи анализите кои влегуваат во нивни состав се бираат поединечно. Горенаведените анализи постојат само заради потребата од нивно печатење во образецот.
- При креирање на упат, **ЗАДОЛЖИТЕЛНО** ќе биде да се избере валидност на упатот од полето кое е додадено веднаш под полето за избор на тип на упат. За секој тип на упат по неговиот избор се филтрираат само достапните за него валидности.
- При издавање на упат без термин, при креирање на упатот **ЗАДОЛЖИТЕЛНО** ќе треба да се избере причина зошто се издава таков упат и тоа од новододадената паѓачка листа, а дополнително треба да се внесе и текстуален опис на причината
- При издавање на итен упат од страна на матичен лекар кон специјалист, при креирање на упатот ЗАДОЛЖИТЕЛНО треба да се внесе текстуален опис за причината за итност.

## Кратки насоки за користење на новите обрасци на упати во однос на постоечките

***Матичен лекар/гинеколог ќе може да издава:***

- Специјалистички упат СУ1 – како и досега до специјалисти и амбуланти
  *Задолжителен избор на валидност*:
  - со термин,
  - итен упат до 24 часа
  - упат без термин до 7 дена

- Упат за дијагностичка лабораторија СУ2 - микробиологија (претходно посебен тип на упат за микробиологија), ПАП тест (претходно посебен тип на Упат за ПАП тест кај гинеколози)
  Задолжителен избор на валидност: Упат без термин до 1 година
  **НАПОМЕНА: При избор на тип на упат за дијагностичка лабораторија, задолжително се избира и за кој вид на лабораторија се креира упат, фо дополнителното поле кое се наоѓа веднаш под полето за тип на упат и кое е активно само долоку се избере тип на упат дијагностичка процедура**

- Упат за Дијагностички процедури СУ3 – Ехо интернистичко , екг ...
  *Задолжителен избор на валидност:*
  - со термин,
  - итен упат до 24часа
  - упат без термин до 7 дена

- Упат за лабораториски услуги – ЛУ1а (ист како постоечкиот) кон лаборатории кои имаат договор за ЛУ1
  Задолжителен избор на валидност:Упат без термин до 30 дена

- Упат за лабоаториски услуги ЛУ1б- само кон ЛУ2 лаборатории (претежно болници и здравствени домови, ПЗУ кои имаат ЛУ 2 договор)

- Упат за лабоаториски услуги ЛУ1в- наменет само за гинеколози и може да се издава само кон само кон ЛУ2 лаборатории (претежно болници и здравствени домови, ПЗУ кои имаат ЛУ 2 договор)

- Радиодијагностички упат РДУ1
  *Задолжителен избор на валидност:*
  - со термин,
  - итен упат до 24часа
  - упат без термин до 7 дена

  Задолжителен избор на тип на РДУ услуга

- Упат за конзилијарно мислење СУ1 – се издава на СУ1 образец како специјалистички упат

*Задолжителен избор на валидност*:Упат со термин

- Упат за Дијализа СУ1 - се издава на СУ1 образец како специјалистички упат
  *Задолжителен избор на валидност*:Упат без темин до 1 година

  Упат до лекарска комисија СУ1 - се издава на СУ1 образец како специјалистички упат
  *Задолжителен избор на валидност*:Упат со термин

***Лекар специјалист ќе може да издава:***

- Специјалистички упат СУ1 – како и досега до специјалисти и амбуланти
  *Задолжителен избор на валидност:*
  - со термин,
  - итен упат до 24часа
  - упат без термин до 7 дена

- Упат за дијагностичка лабораторија СУ2 - микробиологија (претходно посебен тип на упат за микробиологија), Патологија (претходно посебен тип на за патологија), Нуклеарна медицина (претходно посебен тип на за нуклеарна медицина), МАНУ (претходно посебен тип на упат за МАНУ)
  *Задолжителен избор на валидност:* Упат без термин до 1 година
  **НАПОМЕНА: При избор на тип на упат за дијагностичка лабораторија, задолжително се избира и за кој вид на лабораторија се креира упат, фо дополнителното поле кое се наоѓа веднаш под полето за тип на упат и кое е активно само долоку се избере тип на упат дијагностичка процедура. При избор на упат за дијагностичка лабораторија – нклеарна медицина, при закажување задолжително треба да се избесе тип на скен.**

- Упат за Дијагностички процедури СУ3 – Ехо интернистичко , екг ...
  *Задолжителен избор на валидност:*
  - со термин,
  - итен упат до 24 часа
  - упат без термин до 7 дена

- Упат за лабораториски услуги – ЛУ2 (ист како постоечкиот) кон лаборатории кои имаат договор за ЛУ2
  *Задолжителен избор на валидност*:Упат без термин до 30 дена

- Радиодијагностички упат РДУ2
  *Задолжителен избор на валидност:*
  - со термин,
  - итен упат до 24часа
  - упат без термин до 7 дена

  Задолжителен избор на тип на РДУ услуга